ЈАСМИНА ДЕЛЧЕВА ДИЗДАРЕВИЌ

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

УЧЕБНИК ЗА 2 ОДДЕЛЕНИЕ ВО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

2

Јасмина Делчева Диздаревиќ

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

НА ОСНОВНОТО ДЕВЕТГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 2
учебник за второ одделение во деветгодишно основно образование

Издавач:
Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, 1000 Скопје

Автор:
Јасмина Делчева-Диздаревиќ

Рецензенти:
Гордана Алексова
Билјана Маневска
Весна Пупучовска

Компјутерска обработка, графичко уредување и илустрации:
Младен Јакимовски и Андреј Лавчански

Јазична лектура: Дејан Василевски

Стручна редакција: Орданка Мицкова

Уредник: Орданка Мицкова

Графичко и техничко уредување: Леон Џинго, Елена Стефановска– АРС СТУДИО

Место и година на издавање: Скопје, 2022 година

Со Одлука за одобрување и употреба на учебник по предметот Македонски јазик за II одделение во деветгодишно основно образование бр. 26-1201/1 од 27.09.2022 година, донесена од Националната комисија за учебници.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

373.3.016:811.163.3(075.2)

ДЕЛЧЕВА Диздаревиќ, Јасмина
Македонски јазик за второ одделение на основното деветгодишно образование : Електронски извор / Јасмина Делчева Диздаревиќ ; [илустрации Младен Јакимовски и Андреј Лавчански]. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 2022

Начин на пристапување (URL):
https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/Makedonskijazik_2_makedonski.pdf. - Текст во ПДФ формат, содржи 150 стр., табели. - Наслов преземен од екран. - Опис на изворот на ден 17.10.2022

ISBN 978-608-273-090-5

COBISS.MK-ID 58365957

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

2

Скопје, 2022 година

СОДРЖИНА

НАЗАД ВО УЧИЛИШТЕ 8
ПРВО ПИШУВАЊЕ 10
МРАВКАТА ОДИ НА УЧИЛИШТЕ . . 11
ПРВ ПОДАРОК 12
ЕСЕНСКА СЛУЧКА 13
ПИСМЕНА ВЕЖБА 19
МЕДО И ЗАЈАЦИТЕ 21
МЕД 23
ЕСЕНТА ВО НАШИОТ КРАЈ 28
ПОДЕЛБА НА ЗБОРОВИТЕ НА ПОМАЛИ ДЕЛОВИ – СЛОГОВИ . . . 29
ВСЕЛЕНСКИ ДЕДО МРАЗ 31
ПОСЛЕДНИОТ ЛИСТ 33
ТИГАРОТ И ЗАЈАЦИТЕ 37
НОВАТА УЧЕНИЧКА 39
ПРАВОПИС 40
ПИСМЕНА ВЕЖБА 42
ЗА РЕДОТ НА ЗБОРОВИТЕ ВО РЕЧЕНИЦАТА 44
НЕПОСЛУШНОТО ПАЈЧЕ 45
ИСПРЕВРТЕНИ РЕЧЕНИЦИ 46
ПИСМЕНА ВЕЖБА 48
ВИДОВИ РЕЧЕНИЦИ 49
ЗАПИРКА 50
КАДЕ ЗГРЕШИЛ ЃОРЃИ 51
Љ и Њ 53
НАТПРЕВАР 55
ДОМАШНА РАБОТА 56
ПИСМЕНА ВЕЖБА 57
ЗИМА И ЛЕТО 59
ЏУЏИЊА ВО КУЌАТА 61
АЗБУКА 63
АЗБУКА 64
НОСОТ НА СНЕШКО 65
ПРВИОТ СНЕГ 65
ЕЛЕНЧЕТО НА ДЕДО МРАЗ 66
КРИЕНКА 66
НОВОГОДИШНА ЧЕСТИТКА 68
ДЕДО МРАЗ 69
НОВА, НОВА ГОДИНО 70
ПОГОДУВАМЕ ГАТАНКИ 71
БРЗОЗБОРКИ 72
ПРОШЕТКА В ШУМА 73
ДВА ЈАРЦИ 74
ГАВРАНОТ ПЕЈАЧ 75
ЖЕНАТА И КОКОШКАТА 76
ЛИСИЦАТА И ГРОЗЈЕТО 77
НЕ ЈА ЗЕДОВ, ТУКУ ЈА ИЗЕДОВ 78
УЖИНКА 80
УЧАМ И ЗНАМ 81
МИА Е СПОРТИСТКА 82
ЗЕЛКАТА 84
МАТЕМАТИЧАР 85
КОКОШКА И ЛИСИЦА 86
МАРТ 88
ДЕНОТ НА МАМА 89
ПАТОТ КОН РЕКАТА 90
КАДЕ СЕ МОИТЕ НЕШТА? 92

НАСРАДИН-ОЏА И ИТАР ПЕЈО . . . 94
ПРОГОЛТАНА МАЧКА 94
БОЈАТА НА БОНБОНАТА 95
ДЕЦА ГОРДИ – НА БИЛБОРДИ 96
ВЕРВЕРИЦА И ВОЛК 98
НА ПАЗАР 100
РОДЕНДЕН 101
ВОЛКОТ И КОЗАТА 102
ДОМАШЕН ТЕАТАР 103
ЗАГАТКА 104
ШЕГА 104
ЕНЦИКЛОПЕДИЈА 105
НАЈОСАМЕНИОТ ПИНГВИН НА СВЕТОТ 106
КОГА ДВАЈЦА СЕ КАРААТ ТРЕТИОТ КОРИСТИ 108
АЈДЕ ДА ПОВТОРИМЕ: 109
КОЈ Е ВИНОВЕН? 110
СЕМАФОР 111
ГАТАНКА 111
ПРИКАЗНА ВО СЛИКИ 112
ПИНОКИО 113
КРАЛСКИОТ ПАУН И БОЖИЦАТА 117
ПРИКАЗНИ 118
СКРЖАВИОТ ВРАБЕЦ 119
ВОЛКОТ И МАЧКАТА 120
ЈАВОРИНА 121
РАСЕАНИОТ КОЛЕ 121
ЦРВЕНИ ОБЕТКИ 122
НОРА ВО БИБЛИОТЕКАТА 123
НЕФАТЛИВИОТ ЗОКИ ПОКИ 125
РАЗГОВАРАМЕ ЗА ОМИЛЕНИТЕ ЦРТАНИ ФИЛМОВИ 127
ВЕЖБА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ 129
ЈАСНА ЈА ПОЗДРАВУВА ТАТКОВИНАТА 130
РОСИЦА 131
ДАРЕЖЛИВИОТ ЛУЈ 132
ЛЕТАЛО 133
ОПИС НА ПРЕДМЕТИ 134
ВСЕЛЕНСКО ЛЕТАЛО 135
ПОЛНОЌЕН РАЗГОВОР 136
ДРУГАРКИ 138
СКАЗНА ЗА ПЧЕЛАТА 139
СѢ Е НАШЕ 141
ВО СРЦЕТО 143
ЉУБОВ 145
БАМБИ 146
ДАРЕЖЛИВИОТ ЈУНИ 147
ШТО ПРАВАТ ДЕЦАТА ВО ЛЕТО 148
ПИСМЕНА ВЕЖБА 150

Разговараме

Задача

Внимавај

Задача

Одговори

Одговори



Размисли

Упатство:

Прочитај!

Препознај!

Допиши!

Напиши!

Раскажи!

Поврзи!

НАЗАД ВО УЧИЛИШТЕ

Дождец ситен
од облачиња се рони,
училишното ѕвонче
весело ѕвони.

На распустот летен
му дојде крај,
нова учебна година
е на прагот знај.

Наредени сите
во долг строј,
спремни со моливчиња,
повторно да водат „бој“.

Христина Шеќероска

Разговараме:

Како го помина летниот распуст.

Можеш ли да одвоиш едно твое интересно доживување?

Задача:

На празниот простор нацртај нешто што ти остави најголем впечаток ова лето.

ПРВО ПИШУВАЊЕ

Кога станал втораче
малечкиот Мише,
почнал да пишува...
почнал и да брише...

Па скинал три страници
од тетратката бела,
а згора и потрошил
една гума цела.

А потоа долго, долго,
едно утро цело,
се чудел, се смеел
на своето дело.

Стјепан Јакшевац

Разговараме:

Зошто Мише се чудел и се смеел за своето дело?
Што е смешно во оваа песничка?
Раскажи една твоја смешна случка.

МРАВКАТА ОДИ НА УЧИЛИШТЕ

РАСКАЖУВАЧ: Малата мравка живееше во мравјалникот до училишната ограда. Секој ден ги гледаше учениците како одат и се враќаат од училиште. Малата мравка посака да биде ученик. Таа си зеде училишна чанта и тргна кон училиштето. На влезот од училиштето ја запре чичко Мартин.

ЧИЧКО МАРТИН: Чекај малку, мравке! Ти не можеш да влезеш во училиштето, затоа што не си ученик.

МРАВКАТА: Знам, но јас сакам да станам ученик. Сакам да учам, да раскажувам, да пеам како децата. Ве молам, пуштете ме во училиштето!

ЧИЧКО МАРТИН: Ама, ти не си дете, ти си мравка.

МРАВКАТА: (плачејќи) Знам!

ЧИЧКО МАРТИН: Немој да плачеш, па ти на децата можеш да им бидеш учителка!

МРАВКАТА: Не шегувај се со мене, чичко Мартин!

ЧИЧКО МАРТИН: Вие мравките по цел ден работите, собирате храна, го чистите мравјалникот, си помагате една на друга и живеете сложно. Децата треба да учат од вас.

РАСКАЖУВАЧ: Мравката му се заблагодари на чичко Мартин и задоволно се врати во мравјалникот.

Финска народна приказна

Разговараме:

Зошто мравката сакала да оди на училиште?

Како ја разубедил чичко Мартин?

Зошто мравката била задоволна од разговорот?!

Направете мал театар и поделете се по улоги.

ПРВ ПОДАРОК

Денеска татко му на Горан се врати од пат и му донесе два автомобила: едниот црвен, а другиот жолт. Секогаш кога се враќа дома тој му носи по некоја играчка, затоа Горан го чека со нетрпение.

Ги гледа Горан двата автомобила. Радосен е.

– Црвениот е мој, а жолтиот на Билјана – вели тој и потскокнува.

Попладнето пројде кај Билјана и ѝ го подари жолтото автомобилче. Билјана го прими првиот подарок, а Горан беше бескрајно среќен.

Кога е среќна Билјана, среќен е и тој.

Тихо Најдовски

Разговараме:

Кого чекал Горан со нетрпение?

Зошто е Горан среќен?

Разговарајте за тоа како се чувствувате кога добивате подарок и кога подарувате некому.

ЕСЕНСКА СЛУЧКА

Небото за миг се смрачи и над него – дождец плисна. Во полето една мравка, загрижено силно писна:

– Леле, јас, кутра, црна... Што ме снајде, што ли стана? Си насобрав толку зрна... Ми накисна сета храна!

Па, поита накај дома бргу да се врати.

Сфати дека дождот силен – есента ја прати!

Киро Донев



Разговараме:

Зошто загрижено писнала мравката?

Што ѝ се наводени на мравката?

Кој ја испрати есента?

Задача:

Прочитај ја реченицата од која дозна дека пристигнала есента.

БРЗОЗБОРКА

Борче до борче
во дворче.
Зборче до зборче
од Борче.

Две борчиња
во дворчето,
две зборчиња
од Борчето.

Васил Куновски

ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ

ИЗУЧУВАЊЕ НА РАКОПИСНИТЕ БУКВИ И ПИШУВАЊЕТО

Ракописните букви лесно се учат, зашто се слични со печатните.
Еве како:

Аа Аа Аа Аа Аа Аа

Мм Мм Мм Мм Мм Мм

Допиши ги редовите:

Аа

Мм

Напиши го зборот **мама**. Внимавај на поврзувањето на буквите.
Еве како:

мама

ПО АЗБУЧЕН РЕД

Буква по буква,
од час до час,
целата азбука
ја научив јас.

А денес ете
и зборот мама
за првпат ракописно
го напишав сама.

Евгенија Шуплинова

Според печатните букви сам можеш да погодиш кои се овие ракописни букви:

Ее Ее Ее Ее Ее Ее

Лл Лл Лл Лл Лл Лл

Напиши по еден ред:

Ее

Лл

Вежбај го поврзувањето на буквите и напиши ја реченицата:

Ела е мала. Е

Задача:

Во тетратката за почетно пишување вежбај ги ракописните буквите Е е и Л л и реченицата Ела е мала.

ГРЕШКА

Мирјана шара –
пишува букви,
чудни и криви.
Потоа сама
веднаш се теши:
– Моливот згреши!

Петко Домазетовски

Сс Сс Сс Сс Сс Сс

Ии Ии Ии Ии Ии Ии

Допиши ги редовите:

Сс

Ии

Напиши ја следната реченица:

Симе и Иле се смели.

Нн Нн Нн Нн Нн Нн

Оо Оо Оо Оо Оо Оо

Допиши ги редовите:

Нн

Оо

Напиши ги реченициите!

Нела и Оле се сами.

Симе ѝ носи ананас на Елена.

Реченицата напиши ја со ракописни букви:

Лена сонила слон.

ПИСМЕНА ВЕЖБА

Под сликата е напишан зборот со печатни букви. Ти напиши ја со ракописни. Еве како:



МАЛИНА

ОСА

ЕЛЕН

малина



АНАНАС

НОС

МАСА



МЕСО

ЕЛА



САЛАМА



СЛОН

ЛИМОН



ЛАЛЕ

Вв Вв Вв Вв Вв Вв

Уу Уу Уу Уу Уу Уу

Допиши ги редовите:

Вв

Уу

Весна и Наум

Весна е сама. Не е весела.

Намина Наум. На Весна ѝ олесна.

– Имам нов авион – ѝ вели Наум на Весна.

– Авионов е мал, Науме – се смее Весна.

– Мал е, ама се навива!

– И се вивнува во висина, нели?

Задача:

Во тетратката за почетно пишување напиши по еден ред со ракописните букви В в и У у.

Потоа препиши го текстот.

МЕДО И ЗАЈАЦИТЕ



Посакал Медо да ги нагости зајаците со мед.



И побрзале тие во шумата.



Почнал Медо да буричка во едно шупливо дрво.



Во дрвото имало пчели. Тие почнале да го касаат.



Почнал Медо да бега. Зајаците му се смееле.



Раскажете што се случило понатаму.

МЕД

Од дренки на мечето
веќе му е смачено,
ене го, ќе краде мед
на дрво поткачено!

Пчелите се вџашија –
силно се исплашија!
Грабна саќе мечето,
во шепи го стега,
си лизна, се заблажи,
па летна да бега.

Пчелите го втасаа –
добро го искасаа!

Со муце отечено
мечето си легнува,
од утре кон туѓото
нема да посегнува!

Разговараме:

Што крадело мечето?
Како му вратиле пчелите?
Што му отекло на мечето?
Од што му отекло носето?

Непознати зборови:

Саќе – пчелин восок во кој пчелите го чуваат медот и растат потомство.

Кк Кк Кк Кк Кк Кк

Тт Тт Тт Тт Тт Тт

Допиши ги редовите:

Кк

Тт

Коста и Тони

Коста има нова . Со Коста е и Тони. Скока , скокаат и тие со неа.

Мама се лути: – Не скокајте!

Коста се осети виновен. Тони исто така. И еве, Коста и Тони не скокаат.

Задача:

Во тетратката за почетно пишување напиши по еден ред со ракописните букви Т т и К к.
Потоа препиши го текстот.

Jj Jj Jj Jj Jj Jj

Pp Pp Pp Pp Pp Pp

Допиши ги редовите:

Jj

Pp

Јане е смел

Темно е, а ветерот е силен. Јане е сам во станот. Нему не му е страв во темнината, но ...

Вратата се отвори. Јане скокна. Тато и мама се вратија.

– Како си, Јане? – му вели мајка му. Не ти е страв во мракот, нели?

– Не, не ми е страв. Јас сум јунак – вели Јане.

Тој навистина е јунак. Но, со мама и со тато тој е најсилен.



Прашања:

Зошто мајка му и татко му на Јане сметаат дека тој е јунак?

Со кого е тој најсилен?

Прочитај го одговорот на Јане.

Задача:

Во тетратката вежбај ги ракописните букви Ј ј и Р р.

Дд Дд Дд Дд Дд Дд

Бб Бб Бб Бб Бб Бб

Допиши ги редовите:

Дд

Бб

Дедо Диме и баба Бојана

Дона секој ден редовно им носи вода на баба Бојана и на дедо Диме. Тие се сладат со ладната вода и велат:

– Многу е умна нашата внука Дона.



Задача:

Во тетратката напиши по еден ред со ракописните букви Д д и Б б.

Потоа препиши ги зборовите на дедо Диме и баба Бојана.

ЕСЕНТА ВО НАШИОТ КРАЈ

Еве, драги дечиња,
круши, дуњи, сливи,
грозје, праски, ореви,
оскоруши диви.

Сето ова, дечиња,
есен ни го дари,
на есента секој
нека ѝ благодари.

Јован Јовановиќ-Змај

Разговараме:

Кои есенски плодови се споменуваат во оваа песничка?
Кое есенско овошје ти е омилено и зошто ти е омилено?

Разговор за есента!

ПОДЕЛБА НА ЗБОРОВИТЕ НА ПОМАЛИ ДЕЛОВИ – СЛОГОВИ

Зборовите можат да се делат на помали делови.
На пример:

ма-ма; та-то; Ја-не; кни-га

Погоди кој дел недостига и допиши го:



ри – _____



ја – _____ – ко



ка – _____

Досети се и состави зборови од овие делови прикажани на сликите:

ле пи

_____



лон ба

_____



ма на ши

_____

мун мај

_____

ти мо ка

_____

ба бан ра

_____

Состави зборови од следниве слогови:

(пи) (пер) (ка) _____ (ја) (Мир) (на) _____

(се) (ки) (ра) _____ (ти) (ку) (ја) _____

(то) (по) (ла) _____ (ли) (ца) (си) _____

Подели ги овие зборови. Еве како:

молив мо – лив автобус _____

слика _____ тротоар _____

дрво _____ разговор _____

Запомни:

Кога пишуваш, ако нема доволно простор на крајот од редот за да го напишеш зборот цел, еден негов дел пренеси во следниот ред.
Тоа се прави со делење на зборот на помали делови – слогови.

ВСЕЛЕНСКИ ДЕДО МРАЗ

УЧЕСТВУВААТ: Дедо Мраз кој има црвена капа, но во долниот дел личи на робот. Група од пет деца. Децата го забележуваат вселенскиот гостин.

ДЕТЕ 1: Вселенски Дедо Мраз?!

ДЕТЕ 2: Ќе ни даде најнови таблети...

ДЕТЕ 3: И вселенски играчки како што нема никој...

ДЕДО МРАЗ: (зборува како робот, испрекинато): Здра-во, де-ца, јас сум Де-до Мраз од пла-не-та-та Мрз45 5Л.

ДЕТЕ 4: (тивко) Ќе ни даде, ќе ни даде, аха... а... торбата – празна.

ДЕДО МРАЗ: На-ша-та пла-не-та е мно-гу си-ро-маш-на. Не-мам ниш-то за де-ца-та за Но-ва го-ди-на. За-тоа па-ту-вам ба-рам де-ца кои ќе ми да-дат не-која иг-рач-ка што веќе не им тре-ба.

(Децата збунето џагорат, се слушаат тивки мрморења.)

ДЕТЕ 5: Ова не е фер. Како така? Па, тој треба да ни даде, а не ние нему?

ДЕТЕ 1: Ама, дечки, тие немаат ништо...

ДЕТЕ 2: Јас ќе му го дадам ова... (носи играчка)

ДЕТЕ 4: Еве, повелете, ова е мал диносаурус, имам и друг. (носи играчка)

ДЕТЕ 3: Ова требаше да биде подарок за мојата другарка. Но, таа има многу играчки. Повелете...

ДЕДО МРАЗ: (ги прима подароците, ја полни торбата и заминува весел) Бла-го-да-рам, вие сте нај-ху-ма-ни-те де-ца во все-ле-на-та. Среќ-на да ви би-де, нај-среќ-на Но-ва-та го-ди-на!

ДЕЦАТА: И вам, Дедо Мраз. И на децата од вашата планета.

(Рефлектор осветлува друг дел од сцената. Дедо Мраз се пресоблекува. Сега е „вистинскиот“ Дедо Мраз и се упатува кон истата група деца со полна торба подароци. Тивко мрмори)

ДЕДО МРАЗ: (Тивко мрмори) Види ги ти нив... колку се умни, колку се добри... Хо-хо-хо, деца драги. Слушнав сте биле супер деца цела година. (И прави значајна пауза, а во рацете ги држи нивните играчки)... Слушнав дека дел од вашите играчки сте им ги подариле на деца кои немаат играчки. Затоа, повелете, наместо по еден, оваа година ќе добиете по два подарока. Хо-хо-хо!

(Дедо Мраз дели подароци и се слуша весел џагор, смеа и новогодишни песнички.)

Ванчо Полазаревски

Задача:

Внимателно читајте го дијалогот кога зборува Дедо Мраз како робот.
Дали правилно ги дели зборовите на слогови?

Проверете внимателно!

Драматизирајте го текстот во вашето одделение.

ПОСЛЕДНИОТ ЛИСТ

Доцна есен е. Времето е студено.

Една вечер, на една црешова гранка, месечината здогледа само еден лист. Го праша:

– Зошто не појдеш и ти со твоите браќа?

Црешовиот лист му одговори:

– Многу сакав една мала светулка. Секоја вечер таа слетуваше врз мене. Сакам уште еднаш да ја видам пред да одам и јас.

Месечината тогаш му рече:

– Твојата светулка веќе нема да дојде. Ја покоси првиот мраз.

Кога го слушна тоа, последниот црешов лист се натажи.

Ветрот го скина и го однесе далеку.

Мирослав Буљан



Разговараме:

Какво е времето во доцна есен?
Зошто светулката веќе не може да слета на листот?

Задача:

Раскажи понатаму како и каде отпатувал листот!

Пп Па Па Па Па Па

Шш Шш Шш Шш Шш Шш

Допиши ги редовите:

Па

Шш

Сите сме први

Кај нас дома сите во нешто сме први. Штом осамнува, мама прва се буди и прва станува.

Тато прв оди на работа, тој е поштар.

Брат ми прв појадува, а потоа ја пишува домашната задача.

Сестра ми, пак, е станка. Штом се стмури мрак, таа е прва в кревет.

А и јас сум во нешто прв. Секогаш прв се лутам.

И ете така: Кај нас дома секој во нешто е прв.

Разговараме:

Во што си ти прв кај вас дома?
Одговорот напиши го во тетратката.

Задача:

Во тетратката вежбај ги ракописните букви П п и Ш ш.

Сонцето и Снешко

Видело еден и му рекло:

– Ајде да си играме криеница.

Добро, јас прв ќе се кријам, – рекол . И каде сè не се крил: зад , зад , зад . Но, брзо го пронаоѓало.

Се скрил најпосле под . – Е, сега не може да ме пронајде. А сè поблизу се доближувало. Свирнало под , а таму нашло . И до ден-денес сонцето го бара .

За размислување:

Што мислиш, каде е Снешко?

Задача:

Препиши го текстот во тетратката.
Сликите замени ги со зборови.

ТИГАРОТ И ЗАЈАЦИТЕ

(според сликите состави приказна)



Што се случува на првата слика?



Како постапил тигарот?



Што направил слонот за да им помогне на зајаците?



Раскажи како завршува приказната.

НОВАТА УЧЕНИЧКА

Вчера ни дојде нова ученичка во одделението. За да ја запише во дневникот, наставничката ја праша:

– Како се викаш девојче?
– Јас се викам Илина Симоска – одговори таа.
– А како се вика татко ти?
– Татко ми се вика Милан Симоски.
– Каде си родена?
– Родена сум во село Пештани. Тоа е блиску до градот Охрид и е на брегот на Охридското Езеро.
– Добро, седни Илина! – ѝ рече наставничката. – Од денеска ти си веќе наша ученичка.

Илина седна, а другите ученици задоволно се размрдаа. Имаа и зошто: од денеска тие ќе имаат уште една другарка.

Некои зборови во текстот, иако се на средината или на крајот од реченицата, се напишани со голема буква. На пример: Илина Симовска, Охрид, Пештани, Охридско Езеро и др.

Запомни:

Со голема буква се пишуваат личните имиња и презимиња, имињата на реките, планините, езерата, градовите, селата и др.

Задача:

Во следниов текст при примената на големата буква се направени грешки.

Поправи ги грешките и во тетратката правилно препиши го текстот.

Секоја година бојан од село давидово и јасмина од скопје летуваат во отешево покрај преспанското езеро. таму е многу убаво. тие се капат, а одат и на прошетка по падините на планината галичица. Тие одат и до градот ресен.

З з З з З з З з З з З з

Г г Г г Г г Г г Г г Г г

Допиши ги редовите:

З з

Г г

Натпревар

Зоран и Горан се во дворот. Играат со новата топка на Зоран. Зоран прв даде гол. Но, и Горан му врати. Голот го постигна со глава. Сега се еден спрема еден – нерешено.

Откако се наиграа, се прибраа дома. Планираа како утре подобро да се натпреваруваат.

Разговараме:

Со кого Зоран играл во дворот? Кој прв дал гол?
Каков бил крајниот резултат? Што планирале Зоран и Горан?

Задача:

Во тетратката вежбај ги ракописните букви З з и Г г.

ПИСМЕНА ВЕЖБА

Прочитај ги следните реченици:

Лале скина едно лале.

Ружа скина една ружа.

А пак Цвета три цвета.

Во овие реченици некои од зборовите исто се изговараат и исто се пишуваат. Но, едни се напишани со голема буква, а другите со мала. Знаеш ли зошто?

Еве уште неколку реченици. Некои зборови се погрешно напишани. Пронајди ги грешките и напиши ги правилно зборовите:

јагода скина една јагода.

на малата јасна и мислата ѝ е јасна.

јаде вишна зрела вишна.

си направи малинка сок од малинка.

Ж ж Ж ж Ж ж Ж ж Ж ж Ж ж

Допиши го редот:

Ж ж

Другари

Живко ја загуби ужинката. За време на големиот одмор сите ужинаа, само тој стоеше настрана.

– Зошто не јадеш? – го праша Божин.

– Ја загубив ужинката – одговори Живко.

– Тажно – забележа Божин и продолжи да си ја јаде.

– А каде ја загуби ужинката?

– Не знам – одговори Живко и ја сврте главата.

Жарко ништо не прашуваше. Му се приближи на Живко, ја преполови својата ужинка и му ја даде.

Разговараме:

Зошто бил тажен Живко?
Кое од децата бил вистински другар?

Задача:

Во тетратката напиши два реда со ракописната буква Ж ж.

ЗА РЕДОТ НА ЗБОРОВИТЕ ВО РЕЧЕНИЦАТА

Поврзи го почетокот со крајот на реченицата. Еве како:

Тина има • • со зрело грозје.

Зоран се слади • • панталони.

Зејан има нови • • убави обетки.



Напиши ги реченициите правилно:

Тина напишала неколку реченици во тетратката, дошло кучето и ѝ го искинал листот. Првата реченица била составена од овие зборови: училиште, оди, Марија.

Марија на оди училиште

Марија

Состави реченица од овие зборови:

топка игра со Кире

Разговараме:

Зошто зборовите во реченицата треба правилно да бидат подредени?

Наведете примери на неправилен редослед на зборовите во реченицата.

НЕПОСЛУШНОТО ПАЈЧЕ

(Говорна вежба)



Мајката пајка била на прошетка со своите пајчиња до блиската бара.



Откако се наиграле, таа им рекла дека е време да се вратат дома.
Едно пајче не ја послушало мајка си.

Се загубило во блиската шума.
Загубеното пајче го барале и ловецот и лисицата...

Раскажи што се случило понатаму.

ИСПРЕВРТЕНИ РЕЧЕНИЦИ

(писмена вежба)

КУЧЕТО ГО ЗЕДЕ ЛОВЕЦОТ И ПОЈДЕ НА ЛОВ

ЛОВЕЦОТ ВО ВОЛК СРЕТНА ШУМАТА

ВОЛКОТ ЛАЕ НА КУЧЕТО

ПУШКАТА СО НАНИШАНИ ЛОВЕЦОТ НА ВОЛКОТ

ВОЛКОТ ГО УЛОВИ ЛОВЕЦОТ

ЛОВЕЦОТ ВЕСЕЛИ И КУЧЕТО СЕ ДОМА ВРАТИЈА

ЛОВЕЦ (шега)

– Бојан, кажи една реченица – му вели наставничката.
– Татко ми е ловец – одговори Бојан.
– Ајде прошири ја – настојува наставничката.
– Не можам, зашто никогаш ништо не уловил.

Цц Цц Цц Цц Цц Цц

Чч Чч Чч Чч Чч Чч

Допиши ги редовите:

Цц

Чч

Сонце

Чедо многу сака да го црта сонцето. На секој негов цртеж има сонце. Така цртаат сите: човек и сонце, маче на покрив и сонце, чамец во вода и сонце....

Еден ден наставничката праша:

– Чедо, зошто на твоите цртежи постојано го црташ сонцето?

– Па, може ли нешто да постои без сонцето? – одговори Чедо.

ПИСМЕНА ВЕЖБА

(Пишување на броевите од 10 до 20)

Броевите од 10 до 20 се напишани со цифри и со печатни букви.
Ти напиши ги со ракописни букви. Еве како:

11
единаесет

12
дванаесет

единаесет

13
тринаесет

14
четиринаесет

15
петнаесет

16
шеснаесет

17
седумнаесет

18
осумнаесет

19
деветнаесет

20
дваесет

Задача:

Вежбај го пишувањето на броевите од 10 до 20 во твојата тетратка.

ВИДОВИ РЕЧЕНИЦИ

Се сретнаа Марко и Ведран.

– Како си Ведран? Каде беше? – праша Марко.

– Бев на училиште. Денеска научив уште една нова буква. Не беше тешко – раскажува Ведран.

– Чудно! – извика Марко. – Зар уште не сте ги изучиле сите букви! – се чуди Марко...

Марко праша:

Како си Ведран? Каде беше?

Запомни:

Реченици со кои се прашува нешто се викаат прашални реченици. На крајот на реченицата се пишува прашалник. **?**

Ведран раскажува:

Бев на училиште. Денеска научив уште една нова буква. Не беше тешко.

Запомни:

Реченици со кои се раскажува нешто се викаат расказни реченици. На крајот на расказните реченици се пишува точка. **.**

Марко се чуди и извика:

Чудно! Зар уште не сте ги изучиле сите букви!

Запомни:

Реченицӣте со кои се извикува или искажува чудење се викаат извични реченици. На крајот на реченицата се пишува извичник.	!
Во текстовите ја сретнуваме и **запирката**. Таа ни покажува дека треба да подзастанеме, пред да продолжиме со читањето. Или, кога набројуваме нешто. *На пример*: Во училишната чанта на Ведран има: моливи, гума, боици, тетратки, книги и други нешта.	,

Запирка

Свиена шија,
сведната глава,
– тоа е знак
зад збор што се става
за да подзапреме,
да се одмориме
додека читаме,
пишуваме
или зборуваме.

Стојан Тарапуза



Задача:

Измисли и напиши во тетратката прашални реченици со: **кога**, **зошто**, **каде**, **дали**, **кој**, **што**.

Напиши и по две расказни и две извични реченици.

Ѓ ѓ Ѓ ѓ Ѓ ѓ Ѓ ѓ Ѓ ѓ Ѓ ѓ

Ќ ќ Ќ ќ Ќ ќ Ќ ќ Ќ ќ Ќ ќ

Допиши ги редовите:

Ѓ ѓ

Ќ ќ

КАДЕ ЗГРЕШИЛ ЃОРЃИ

Наставничката ја прегледа домашната задача на Ѓорѓи и рече:

– Ѓорѓи намерно направи грешки во домашната задача за другите ученици да се досетат каде згрешил.

Тој почна да чита:

– Еден ден јас, Кате и Ѓоре појдовме на ридот горе. Оттаму се гледа високата планина. Јас реков дека ми личи на голема лаѓа. На Кате, пак, таа ѝ личи на голема кука.

– За да е ѓолема лаѓа или ѓолема кука, треба да излеѓува чад од нив – додаде Ѓоре.

– Се расправавме ние така, лага ли е, кука ли е, па си дојдовме дома. Бевме гладни и сите заедно јадевме лека.

Разговараме:

На што му личела планината на Ѓоре?
А како Кате ја замислувала планината?

Задача:

Поправи ги грешките на Ѓорѓи. Потоа правилно прочитај го текстот.

Смисли и напиши во тетратката и други зборови со ракописните букви Ќ ќ и Ѓ ѓ.

Љљ Љљ Љљ Љљ Љљ Љљ

Њњ Њњ Њњ Њњ Њњ Њњ

Допиши ги редовите:

Љљ

Њњ

Љ и Њ

Во една книга се сретнаа буквите Љ и Њ. И додека Љ цутеше од љубов, Њ беше жолта како дуња и молчеше.

– Што ти е? – праша Љ.

Њ воздивна и рече:

– Лесно ти е тебе. Ти дружаруваш со Љубица и Љутчо, живееш во љубов со нив. Се среќаваш и во други убави зборови. А што да речам јас? Мене ме има во свиња, што ме валка во тиња, ме гризе во диња... Коњот ме влече... Маља ме удира... И сè така...



Љ малку се замисли и рече:

– Не ти е сè така црно, не! Само да знаеш како убаво мирисаш во дуњата и дињата. Ми доаѓа да те изедам.

На Њ ѝ стана мило и се развесели. Заборави на свињата, на тињата, на коњот, на молњата... И посака пак да живее во дружба и љубов со другите букви.

Рајко Јовчевски

Разговараме:

Зошто била тажна буквата Њ?

Како буквата Љ ја утеши буквата Њ?

Задача:

Напиши уште зборови со буквата Њ и со буквата Љ.

НАТПРЕВАР

Во училишниот двор се наредија десет ученици. Тие ќе се натпреваруваат во трчање. Првиот е Марко, вториот – Ведран, третиот – Дамјан, четвртиот – Игор, петтиот – Филип, шестиот – Јане, седмиот – Виктор, осмиот – Бојан, деветтиот – Никола и десеттиот – Сашо.

Судијата даде знак за почеток на трката.

Марко е прв, затоа што трчаше по покусиот пат. Втор е Ведран, а трет Дамјан. По нив трчаат и другите.

Пред да стигне Марко на целта, се сврте. Сакаше да му направи шега на Ведран. Му покажуваше „рогови“ со показалците. Но, тој падна и еве го – Ведран е победник.

Размисли:

Зошто Марко сакаше да му направи шега на Ведран?
Што се случило потоа?

Поука:

„Кој последен се смее, најслатко се смее“.

ДОМАШНА РАБОТА

Петко, Станко и Трајко, дојдете ваму!

Вашите домашни за мачето се исти...



Па, ние имаме исто маче!

ПИСМЕНА ВЕЖБА

(опис на маче)

Мачето е домашно животно. Телото му е покриено со _____ . Зимно време тоа е погусто, за да го штити од _____ . Крзното може да е различно по боја или да е _____ .

Мачето се движи на четири _____ . На шепите има меки _____ . Тие му овозможуваат нечујно да се движи. Со нозете може брзо да _____ и да _____ .

Мачето има силно развиени сетила за слух и мирис. Со _____ може да намириса присуство на некоја храна. Може и добро да гледа. Со _____ може дење и ноќе да забележи и најмало _____ .

Во устата има остри _____ . Со нив се храни, но и се брани.

Телото на мачето завршува со _____ . Според движењето на опашката тоа покажува дали ти е пријател или не.

СТАВИ ГИ ЗБОРОВИТЕ НА СВОЕ МЕСТО

перничиња

носот	крзно	ушите	нозе
шарено	трча	студот	очите
глувче	опашка	заби	скока



Задача:

Во тетратката препиши го описот на мачето.

Притоа, дополни ги реченициите со изоставените зборови.

Пријатели

Зима е. Северко сече како со нож. Стеѓнале студ и мраз. Земјата мрзне. Мрзнат и птиците. Се тресат од студ. Гладни се. Бараат пријатели...

А, вие седите на топло. Имате и топла облека и храна.

Сте размислувале ли за тоа да им бидете пријатели на птиците? Пријателството меѓу децата и птиците е многу убаво нешто.

А, како да бидете пријатели?

Лесно, многу лесно. Сронете им трошки, фрлете им зрнца, правете им кукички. Ќе ви бидат благодарни.

Ќе ви се заблагодарат со песна. И студот полесно ќе го поднесат.



Задача:

Раскажи како ти би им помогнал/а на птиците во зима.

Фф Фф Фф Фф Фф Фф

Хх Хх Хх Хх Хх Хх

Допиши ги редовите:

Фф

Хх

ЗИМА И ЛЕТО

Филип најмногу ја сака зимата, а Хана летото.

– Навистина, во зима е сè поубаво – вели Филип. Играме хокеј, се скијаме и правиме Снешко Белко.

– Во зима не можеш да се капеш – вели Хана.

– Во лето грее сонце, има цвеќиња, а можеш и да поцрнеш.

Така тие постојано се препираат.

Филип е добар скијач, а Хана одличен пливач. Затоа Филип повеќе ја сака зимата, а Хана летото.

Нивната препирка траеше цела есен.

Кога дојде зимата, Филип ја научи Хана да скија. А, преку летото Хана го научи Филип да плива.

Сега и двајцата сакаат и зима и лето.

Разговараме:

Зошто Филип повеќе ја сака зимата?
Зошто Хана повеќе го сака летото?
Кога Филип го засакал летото, а Хана зимата?

Задача:

Во тетратката вежбај ги ракописните букви Ф ф и Х х.

Ц ц Ц ц Ц ц Ц ц Ц ц Ц ц

Ѕ ѕ Ѕ ѕ Ѕ ѕ Ѕ ѕ Ѕ ѕ Ѕ ѕ

Допиши ги редовите:

Ц ц

Ѕ ѕ

ЏУЏИЊА ВО КУЌАТА

Кога се вратив дома, се изненадив. – И прагот и ходникот беа исчистени. Ја отворив вратата од кујната – и таму сè беше чисто, правта избришана, масата наместена.

Додека бев отсутен, можеби во куќата имало џџиња, си помислив. Го исчистиле станот и ги собрале ронките од масата.

– Џџиња – викнав!

– Беа ли овде џуџињата? – го прашав? – Тие ли го исчистија прагот?
– Тие ли ги собраа ронките и наредија сè како што треба?
Звездан се насмевна:
– Беа и си отидоа.

Разговараме:

Кој ја исчистил куќата според таткото?
А кој навистина ја исчистил куќата?

Задача:

Смисли и во тетратката напиши со ракописни букви зборови во кои ќе ја има буквата Џ џ и зборови во кои ќе ја има буквата S s.

_____

_____

_____

Кажувај ги брзо:

Желка-зелка-белка
Прво-дрво
Дали е лесно да се кажуваат?
Така е затоа што тие се римуваат.

АЗБУКА

големи и мали печатни букви

Аа	Бб	Вв	Гг
Дд	Ѓѓ	Ее	Жж
Зз	Ѕѕ	Ии	Јј
Кк	Лл	Љљ	Мм
Нн	Њњ	Оо	Пп
Рр	Сс	Тт	Ќќ
Уу	Фф	Хх	Цц
Чч	Џџ	Шш	

Запомни:

Нашата азбука има 31 буква.

Буквите во азбуката имаат свој редослед.

Секој треба да го знае редоследот на буквите во азбуката.

АЗБУКА

големи и мали ракописни букви

Запомни:

Ние пишуваме со кирилско писмо или **кирилица**.

Светите Кирил и Методиј се творци на првата словенска азбука, во нивен спомен и писмото се вика така.

ПРВИОТ СНЕГ

Падна првиот снег. На ливадата истрчаа деца.

– Ајде да направиме Снешко! – викна едно дете.

Сите се согласија и направија убав Снешко. На главата му ставија едно старо тенџере. Наместо очи ми наместија две копчиња. Наместо нос му ставија еден подолг морков. Во раката му ставија и една стара метла. Така лесно ќе се брани од крадци на носови.

Радоста и игрите не недостигаат. По неколку дена снегот се стопи. Го снема и снешко. На местото каде што стоеше останаа само старото тенџере, морковот, метлата и една бара.

Преземено од списание за деца „Другарче“

Разговараме:

Во кое годишно време паѓа снег?
Што правиш ти кога ќе падне снег?
Се санкаше ли со некого?
Направивте ли Снешко со другарите?
Раскажи како ти се израдува на првиот снег.

НОСОТ НА СНЕШКО

Се разболе Снешко,
леле леле мајко!
Му го гризна носот
еден гладен Зајко.

Но, докторот Небол
на помош се јави,
убав нос на Снешко
од морков му стави.

преземено од списанието за деца „Другарче“

ЕЛЕНЧЕТО НА ДЕДО МРАЗ

Си било еднаш едно еленче. Многу сакало да порасне и да биде елен на Дедо Мраз. Цела година било добро и послушно. Го јадело секое јадење и рано си легнувало да спие.

– Веќе сум доволно големо и силно за да можам да влечам санки – си велело.

Секој ден ја прашувало мајка си дали дошол Дедо Мраз.

– Не, сè уште не! – одговарала мајка му.

Спроти Нова година зазвонил телефонот... Тоа бил Дедо Мраз.

Ве молам, испратете ми го вашето еленче – рекол. – Вистина, тоа е сè уште мало да ги влече моите натоварени санки. Но, може да оди со мене и да гледа како се прави тоа.

Малото еленче го чуло разговорот. Во истиот момент скокнало од креветот и побрзало кај Дедо Мраз. Звончињата на неговиот врат звонеле весело, исто како оние на санките на Дедо Мраз.

Кетрин Џонсон

Разговараме:

Какви желби имало еленчето?
Што правело тоа за да порасне побрзо?
Кој се јавил спроти Нова година?
Зошто Дедо Мраз го повикал еленчето?

КРИЕНКА

Што ли влече
една желка,
што ли има една зелка
една Белка?
Исфрлете први букви,
како прво,
ќе излезе
едно дрво!

Рајко Јовчевски

Задача: Погоди ја римата.



СИНО

ЖАБА



КАША



ЗЕЛКА



ВРЕВА



ПРВО

СЛОН

НОВОГОДИШНА ЧЕСТИТКА

За Нова година испраќаме честитки. Можеме да ги направиме сами или да купиме.

Наменети се за нашите блиски роднини и пријатели.

На дедо и баба јас ќе им испратам честитка:

НЕКА ВИ Е ЧЕСТИТА НОВАТА ГОДИНА!

Добро здравје и долг живот ви посакува

вашиот/вашата

_____

Разговараме:

Раскажувајте кому и какви честитки ќе испратите...

ДЕДО МРАЗ

Ѕунат, ѕунат снегулки
– Сегде покрив бел...
Дење ноќе патувам,
минав низ свет цел.

Носам врека играчки,
нежност, љубов, цвет,
здрави да ми растете,
деца од цел свет!

Бистрица Миркуловска

НОВА, НОВА ГОДИНО

Нова, Нова годино,
ќе те молам, прости,
донеси го кај нас
Дедо Мраз на гости.

Нека дојде побргу
силно ќе го гушнам,
сакам една приказна
од него да слушнам.

Па нека се одмори
дури ветрот коси,
и прашај го дали
подароци носи.

Ненад Џамбазов

Разговараме:

Раскажи како сакаш да ја прославиш Новата година.

Задача:

Опиши ја најубавата зимска слика што сте ја виделе во вашето место.

ПОГОДУВАМЕ ГАТАНКИ

Печка не е, парно не е,
сите нѐ грее
а ничие не е...

Четири нозе,
најлична става,
е, тоа е, деца,
нешто што се јава...

Божем дреме, а за час мерка
ќе ти земе.
Живее во
реката Нил,
опасниот...



Среде море
водоскок,
плива, ужива,
никогаш сит,
огромниот...



71

Со грпка или две,
и таа лика мила,
тоа е пустинската...

Ако цврсто
го држиш
в рака,
со дождот
ќе немаш мака...

БРЗОЗБОРКИ

Кракара Бакара

Цакара-цекара
Цакаро-цо! Цекаро-це!
Од три букви –
вретена две.

Кракара
бакара!
Бакара,
Кракара!
Скинав конец
од макара.

Стојан Тарапуза

ПРОШЕТКА В ШУМА

До шумата густа
пат поминав долг,
сакав јас да видам
лисица и...

Видов желка како
низ лисјата се влечка,
а и легло најдов –
дом на една...

На полјанка една,
под бор висок, зелен,
видов стадо срни
и виторог...

Што бегање сторив
леле, леле мајко!
Побргу не бегал
ни плашливиот...



ДВА ЈАРЦИ
(приказна во слики)



1. Два јарци истовремено тргнале од спротивните краеви да преминат еден тесен мост.

2. Мостот бил доволно широк за да поминат еден по еден, а не двајцата истовремено да се разминат.



3. Се сретнале на средината на мостот, но ниту еден не попуштал. Ги вкрстиле роговите и почнале да се борат кој прв ќе премине. Се бореле толку жестоко сè додека двајцата не паднале во потокот.

Езоп – Басни

ГАВРАНОТ ПЕЈАЧ

Отишол Гавранчо да им пее на еребиците.

Пред да почне, се поклонил и ги прашал:

– Колку ќе ми платите да ви испеам најубава песна?

– Колку што сакаш, само да не пееш, зашто денеска не сме расположени за смеење! – одговориле еребиците.

Се налутил Гавранчо и одлетал кај бостанот да провери дали спие бостанџијата...

Народна приказна

Разговараме:

Што направил Гавранчо пред да почне да пее?

Дали знаеш зошто еребиците така му одговориле на Гавранчо?

Зошто избегал кај бостанџиите?

ЖЕНАТА И КОКОШКАТА

Си била една жена која чувала кокошка во дворот. Кокошката секој ден ѝ несела по едно јајце. А јајцата биле големи и убави, па жената ги продавала по добра цена. Кога ги носела на пазар, често си велела:

„Колку им се радуваат луѓето на моите јајца! Би можела многу лесно да продадам и уште повеќе јајца`.

Така почнало да ѝ се чини дека е многу малку што добива по едно јајце на ден.

„Ако ѝ давам двојно повеќе жито, кокошката можеби ќе несе по две јајца дневно", си рекла жената.

Затоа двојно ѝ ја зголемила храната, а кокошката толку многу се здебелила што престанала да несе јајца.

Езоп

Разговараме:

По колку јајца на ден несела кокошката?

Зошто жената ѝ давала на кокошката двојно повеќе од храната?

Како завршува приказната?

ЛИСИЦАТА И ГРОЗЈЕТО

Видела лисицата зрело грозје како виси и почнала да мисли како да го изеде.

Се обидувала секако, но не успеала.

За утеха си рекла:

„Уште е зелено и кисело`.

Л. Н. Толстој

Разговараме:

Зошто лисицата сакала да го изеде грозјето?

Зошто се премислила?

Што рекла лисицата кога не можела да го дофати грозјето?

НЕ ЈА ЗЕДОВ, ТУКУ ЈА ИЗЕДОВ

При излегувањето од училница, Ѓулбин своето чоколадо го остави в клупа.

Но, кога се врати на час го немаше. Таа го извести учителот за ова.

Учителот еден по еден ги испитуваше учениците.

Според одговорите, никој не го беше видел чоколадото.

Учителот побара секој ученик да си го покаже јазикот.

Тој праша:

– Дали некој од вас пиеше вода?

– Јас! – одговори Орхан.



Тогаш учителот му се обрати и рече:

– Подај ми го шамичето.

Орхан го подаде шамичето. На него имаше траги од чоколадо.

– Орхан, ти си го зел чоколадото – рече учителот.

– Јас не го зедов, туку го изедов – рече Орхан.

Нејати Зекирија

Разговараме:

Каде се случува настанот во овој расказ?
Кој е главниот лик?
Како ја оценуваш постапката на Орхан?
Дали е виновен што го изел чоколадото?

УЖИНКА

Јозеф седеше во клупата сам. Чекаше да ѕвони. Ни букви, ни бројки гледаше. Умираше од глад. Го мамеше мирисот што влегуваше од под вратата на училницата. Стопати се прекори зошто вчера не вечераше. Но, ѕвончето никако да заѕвони, а часовникот како да застанал. Сите други во училницата вредно пишуваа. Јозеф тупкаше со ногата. Чекањето е навистина здодевно.

Одеднаш заѕвони. Сите стануваа и трчаа кон делот од училиштето каде што мирисаше на топло печиво. Јозеф за миг беше таму. Ја пикна раката во џебот. Празно. И во другиот. Празно. Се удри по челото, му текна дека парите ги остави на комодата во дневната соба. Марко мирно стоеше зад него. Јозеф се тргна од редот. Не му се веруваше. Додека бавно се враќаше во училница го стигна Марко, носеше две кифли во рацете. Едната му ја даде на Јозеф без да каже збор.

Преземено од списанието за деца „Либи“.



Разговараме:

Кои ликови ги сретнавме во овој текст?
Опиши ги со свои зборови Јозеф и Марко.
Што мислиш ти за постапката на Марко?

Задача:

Опиши го твојот најдобар другар.

УЧАМ И ЗНАМ

Јас знам за сонцето,
воздухот, земјата и водата,
и така ја сакам
и ја чувам природата.

За околината се грижам,
енергија штедам и
во чиста средина
сакам да се движам.

Отпадот го собирам
и го селектирам,
понекогаш не ми е тешко
и да рециклирам.

Ели Маказлиева

Разговараме:

Како се грижиме и ја чуваме природата?

Непознати зборови:

Рециклира – повторно користење на веќе користен материјал.
Селектира – да одбере, изделува според некоја особина, карактеристика.

МИА Е СПОРТИСТКА

Миа има осум години. Го завршува третото одделение. Има долга коса, зелени очи и повисока е од сите во одделението. – Брзо напредува – рекоа лекарките на систематскиот преглед оваа година.

Миа сака да црта, да пишува, да пее. Но, најголемиот дел од времето би сакала да е надвор со другарите и да си играат со топка. Таа ги сака сите игри со топка. Членува во фудбалската секција и во кошаркарската секција. Брзо фаќа топка и брзо подава. Сите сакаат да се во нејзиниот тим.

Следната недела ќе се организира турнир во народна – игра со топка и со два тима.

Подолу е летокот за овој настан.

Се гледаме таму!

Преземено од списание за деца „Либи“



НАРОДНА
ТУРНИР

Училиштен турнир во народна

почнува на 10 мај 2023 година

Прв ден - играат трето 1 и трето 2 - победникот оди во финале

Втор ден играат четврто 1 и четврто 2 - победникот оди во финале

Финале 15 мај - во спортската училишна сала



ЗЕЛКАТА

Зелката има
кошули триста,
секоја бела,
секоја чиста.

Сите кошули
сама ги шие;
слечи ѝ една
в друга се крие.

Никоја од нив
не ѝ е тесна,
зад секоја крцка
по една песна.

Што ја препишува
од нашта нива,
која потајно
в неа се слива.

И, сливајќи се,
цела се утка,
ко во бел букет,
ко в снежна грутка.

(Од збирката за деца „Шарам барам“ на Петре М. Андреевски.)

Задача:

Подвлечи ги зборовите што се римуваат.

МАТЕМАТИЧАР

– Колку се 4 и 3? – го прашав мојот петгодишен внук Дарко, кој бараше да го научам да смета.
– Па, не знам – одговори.
– Слушај, Дарко, јас ти давам 4 топки, а дедо ти уште 3. Колку топки ќе имаш? – се обидов на овој начин да му објаснам.
– Ќе имам 8 топки – одговори Дарко.
– Не е точно, 4 и 3 се 7 топки – го исправив.
– Не е така! – се побуни Дарко.
– Јас дома имам една топка и овие седум, значи, ќе имам 8 топки!

Славка Арсова



Разговараме:

Кој учествува во овој разговор?
Дали Дарко знае да смета?
Како заклучи?

КОКОШКА И ЛИСИЦА

„Како си ми, кокошке,
пријателке блиска?“
„Се качувам високо,
еве, гледај, Лиске!“

„Пилињата кај ти се,
колку ми се мили!“
„Не грижи се за нив,
Добро си се скриле!“

„Дали ти се мирни,
сакам да ги видам,
а ако ги пофатам
подлец нека бидам!“

„Многу добро, тетко,
јас тебе те знам,
да ги видиш, Лиске
нема да ти дам!“

Јован Јовановиќ-Змај

Разговараме:

Зошто кокошката не ѝ верува на Лиска?
Од кои стихови го заклучуваш тоа?

Задача:

Во тетратката препиши ја песната со ракописни букви.

Рецитирајте и драматизирајте во пар со маски што ќе ги изработите на часот по ликовно.

Задача:

Ајде да изброиме колку редови има во оваа песна?

Дали се шеснаесет? Тоа значи дека оваа песна има шеснаесет стихови!

По неколку реда има поголем простор. Знаеме ли како се вика секој посебен изделен дел од песничката?

Тоа е строфа.

Во песничката има четири строфи.

МАРТ

Кокичето стои исправено на студениот ветер. Мали купчиња снег стојат на краевите од дворот. Мими и Пепи играат во дворот. Носат капи и шалови, образите им се црвени. Гледаат кон планината. Шарена е, на врвот е бела, надолу темна.

Од дома го отвораат прозорецот. Мириса на костени.

– Ајде, баба Марта лаже, студено е, иако сонцето се труди да биде топло, влегувајте на последната тура печени костени – ги довикуваат од дома.

Мими уште еднаш воодушевено погледнува во кокичињата.

– Пепи, а кога ќе се појават јагликите?

– Наскоро, можеби следната недела – вели Пепи.

Децата влегуваат дома. Баба Марта е таква, малку топли, малку лади.

Преземено од списанието за деца „Либи“.

Разговараме:

Кое растение е симбол на пролетта?

А) Кокиче.

Б) Каранфил.

В) Трендафил.

Задача:

Нацртај ја Баба Марта според твоја замисла.

Напиши кој месец е пред март, а кој е по март?

_____ март _____

ДЕНОТ НА МАМА

Кога цветнат
цвеќиња разни,
кога жолтне
в гора дрен,
мама слави
сакан празник
што се вика
МАМИН ДЕН.

Ќе ја бакнам
в чело, образ,
ќе ѝ речам –
мамо добра,
како пчелка
што го сака
својот лет
и секој цвет,
така и јас
знај, те сакам,
од сè појќе
на овој свет!

Васил Куновски

Разговараме:

Кој ден е мамин ден?
Како ти ѝ го честиташ на мама – маминиот ден?

ПАТОТ КОН РЕКАТА

Едно поточе во гората бараше пат кон реката. Но, пред него се испречи стариот даб и му се закани:

– Немој да ми ги поткопуваш корените!

– Сакам да стигнам до реката – му одврати поточето. – Таму ме носи желбата.

– Побарај си друг пат до реката.

Поточето се сврте во друг правец. Но, на патот му се испречи голема карпа и пак го запре.

– А сега што да правам?! – се растажи. – Зошто и ти не ме пушташ да поминам?

– Не знам што треба да правиш, но знам дека не треба да риеш во мене!

Барајќи нов пат, поточето стигна до една полјана. И се разлеа низ нејзините врвици. Таа со радост го пречека. Од неговата вода полјаната стана уште позелена и поубава. Се разбудија најличните цвеќиња. Замириса гората. И многу птици се доселија во близина на полјаната. Со себе ги донесоа и песните.

Поточето беше задоволно.

И веќе никогаш не се обиде да стигне до реката.

Горјан Петревски

Разговараме:

Каде се случува настанот во текстот?
Која била желбата на поточето?
Зошто таа никогаш не му се исполнила?

Дали ти имаш посебни желби и какви се тие?

Задача:

Напиши во тетратката со ракописни букви
ЕДНА ТВОЈА ГОЛЕМА ЖЕЛБА!

Мојата најголема желба е...

КАДЕ СЕ МОИТЕ НЕШТА?

Владо се разбуди и погледна во часовникот:

– Уф, време е за на училиште!

Сака Владо да се облече, но не може да си ги најде ни чорапите, ни блузата, ни патиките.

Се разлути Владо:

– Каде е мојата блуза?

– Еве сум под масата. Ти мене тука ме фрли – одговори блузата.

– А каде ми се чорапите?

– Ние сме тука, на полицата за книги. Ти вчера тука нѐ фрли – извикаа чорапите.

– А каде се моите патики?

– Јас сум тука. Под креденецот – рече десната патика.

А левата патика, молчеше: таа беше зад вратата.

Најпосле Владо се облече. Погледна на часовникот и што ќе види: веќе беше задоцнил за на училиште.

Заокружи го точниот одговор:

1. БЛУЗАТА НА МАРКО БИЛА:	2. ЧОРАПИТЕ НА МАРКО БИЛЕ:
б) зад вратата	а) зад вратата
а) под масата	б) на полицата

Разговараме:

Зошто Владо задоцнил на училиште?

НАСРАДИН -ОЏА И ИТАР ПЕЈО

Настрадин-оџа одел во Прилеп, а по него дошол и Итар Пејо. Во градот се нашле и почнале разговор.

– Навистина ли, Итар Пејо, бурата ги искревала магарињата во Мариово?

– Магарињата не ги видов кога ги беше кренала бурата, но ги видов самарите кога паѓаа од небото! – му одговори Итар Пејо.

Народна приказна

ПРОГОЛТАНА МАЧКА

Сакајќи да го изненади Насрадин -оџа, еден пријател му рекол:

– Без да сакам, голтнав еден глушец! Те молам, кажи ми што да правам?

– Е сега голтни една мачка! – му одговорил Настрадин-оџа.

Народна приказна

Разговараме:

Зошто Настрадин-оџа му дал таков совет на пријателот?

БОЈАТА НА БОНБОНАТА

Ана, Миа, Гала и Леа беа во училишниот двор. Утре е први април. Тие одлучија да бидат цветови, но не можеа да се одлучат во која боја. Ана и Миа сакаа бели цветови како кокичиња, а Гала и Леа сакаа жолти како пролетен нарцис. Додека беа така седнати на клупа, ја видоа Лена, помалата сестричка на Ана, заедно со мама се враќаше од градинка. Четирите се стрчаа кон неа.

– Лена, која боја е поубава, бела или жолта?

– Бојата на бонбоната – одговори Лена.

Четирите другарки се погледнаа збунето. Лена ја отвори својата мала дланка и им ја покажа бонбоната завиткана во бело-жолта хартија. Тогаш девојчињата сфатија која е бојата на бонбоната и што сакаше да им каже оваа мала мудрица.

Христина Шеќероска



Разговараме:

За што се подготвувале другарките?

Колку другарки биле и кои се нивните имиња?

Кој го решил проблемот меѓу другарките?

ДЕЦА ГОРДИ – НА БИЛБОРДИ

Сите
по тротоарите што минуваат,
со автобус што патуваат.

Со свои очи гледаат,
прочитуваат.

Деца со математички рекорди,
ене ги на билборди!

За што станува збор?
Одговорот,
во училишниот двор:

На светско првенство
чудо направија.
Освоија медал златен
сите нè прославија.

Па по оваа
авантура тешка,
со право – од билбордите
се смешкаат!

Многумина
се придружија.
Децава
ова го заслужија!

Васил Мукаетов



Разговараме:

Што претставуваат и за што служат билбордите.

ВЕРВЕРИЦА И ВОЛК

Верверицата скокала од гранка на гранка и паднала пред сонливиот волк. Волкот скокнал и сакал да ја изеде. Верверицата го молела:

– Пушти ме!

– Добро, ќе те пуштам – ѝ рекол волкот – но сакам да ми кажеш зошто сте вие верверициите толку весели. Мене секогаш ми е здодевно, а вие таму горе постојано играте и скокате.

Верверицата му рекла:

– Пушти ме на дрво, а јас оттаму ќе ти одговорам, бидејќи вака се плашам од тебе.

Волкот ја пуштил и верверицата се искачила на дрвото.

– Тебе ти е здодевно затоа што си лош – му рекла. – Ние сме весели затоа што сме добри и никому лошо не му правиме.

Л. Н. Толстој



Разговараме:

Каде се случува овој настан?
Зошто волкот мислел дека вервериците се весели?
Што му одговорила верверицата?

Задача:

Препиши ја со ракописни букви реченицата:
– Тебе ти е здодевно затоа што си лош – му рекла. – Ние сме весели затоа што сме добри и никому лошо не му правиме.

НА ПАЗАР

– Бабоооооо! – вика Симона од ходникот.

– Идам дете, идам – вели бабата.

– Ајде, бабо, ќе ги купат сите јагоди!

– Нема да ги купат, ќе чуваат и за тебе – мирно вели баба Вера.

Симона и баба Вера често одат на пазар. Тоа е нивно омилено заедничко време. Симона денеска брза повеќе од вообичаено. Денеска му е роденден на тато Тони, треба да се купат јагоди за тортата што ќе ја прават нивните вредни раце. Кога стигнуваат на пазарот Симона мирно вели:

– Ве молам, десет килограми најубави јагоди.

Баба Вера се смее додека збунетиот продавач бара сад да ги спакува јагодите.

– Сепак, ќе земеме само два килограми – вели баба Вера.

Продавачот се чуди, а Симона развлекува насмевка преку целото лице.

Преземено од списанието за деца „Либи“.

Разговараме:

Колку килограми јагоди сакала да купи Симона?
За што ѝ биле потребни јагодите?
Како завршува текстот?

РОДЕНДЕН

Утре е роденден на градот.

Но, утре е и Орханов роденден.

Одејќи на училиште, Орхан од мајка си побара слатки.

– Утре – одговори мајка му – утре е твојот роденден, а не денеска. Утре ти следува и роденденски подарок.

Орхан пројде на училиште. Учителот раскажуваше за роденденот на градот, за денот на неговото ослободување. Раскажа и посебна случка за тоа. Потоа, обраќајќи се кон учениците праша:

– Зошто го празнуваме утрешниот ден?

Секој од учениците покажа желба со дигање рака да даде одговор, при што се слушаше гласно:

– Јас, учителе, јас...

Единствено Орхан не дигна рака. А учителот како тоа и да го очекуваше, го повика Орхан и го праша:

– Орхан, ајде, кажи зошто го празнуваме утрешниот ден?

– Бидејќи утре е мојот роденден – одговори Орхан.

Нејати Зекирија

Разговараме:

Како го празнуваме роденденот на нашиот град?

Што очекувал Орхан за својот роденден?

ВОЛКОТ И КОЗАТА

Волкот видел коза како пасе на врвот на една висока и стрмна карпа, каде што не можел да ја дофати.

– Моја мила пријателке – рекол волкот – биди внимателна! Се плашам дека ќе паднеш и ќе си го скршиш вратот. Дојди долу на ливадата, каде што тревата е свежа и зелена.

– Дали си гладен? – прашала козата. – Дали ти е време за вечера? И дали би сакал да ме изедеш? Мислам дека денеска нема да дојдам на ливадата, ти благодарам.

Козата задоволно зборуваше од работ на карпата, безбедна од паѓање и од дофатот на алчниот волк, кој покажуваше лажна грижа кон неа.

Езоп

Разговараме:

Каде се случува разговорот меѓу волкот и козата?
Зошто волкот бил толку љубезен кон козата?
Како му одговорила козата на волкот?

Прераскажете го текстот со свои зборови.

ДОМАШЕН ТЕАТАР

Дома навечер е весело. Бојан, Гоце и Јана заедно си играат.

Прават театар. Тројцата се актери, а тато и мама се публика.

– Се изнагледавме ваши претстави! – вели таткото. Утре сите заедно ќе одиме в театар. Веќе купив и билети.

– Во вистински театар! – извикаа децата весело.

Отидоа – ја гледаа пиесата. И беа задоволни. Од тој ден и претставите во домашниот театар беа многу подобри.

Горјан Петревски

Разговараме:

Каде се случува настанот?
Кој сè учествувал во претставата?

Објасни зошто домашниот театар се подобрил по посетата на вистинскиот театар!

ЗАГАТКА

Детенце извалкано
во бања е, малото
се поткачи и си ѕирна
лик во огледалото:

„Огледалце, огледалце
ко вчера си исто
засрами се, измиј се
биди еднаш чисто!“

Велко Неделковски

Разговараме:

Кого детето видело во огледалото?
Каков совет му дало огледалото на детето?

ШЕГА

– Утрово доцна се разбудив – вели Томе.
– Брзајќи заборавив да појадувам. А, згора на сè, и двапати се измив.

ЕНЦИКЛОПЕДИЈА

Тато, најчесто навечер, седнуваше на работната маса и пишуваше до доцна во ноќта. Покрај многуте книги често вртеше една дебела, со цврсти корици.

Маре понекогаш се врткаше околу него и ја отвораше токму таа книга. Еден ден, кога ги совладаа буквите во училиште, конечно прочита како се вика.

– Енциклопедија – изговори таа бавно и несигурно.

Тато се насмеа и се сврти кон неа:

– Маре, па ти веќе си ги научила буквите и умееш да читаш!

– Што пишува во оваа книга, тато? – праша Маре за енциклопедијата.

– Сè што не знаеш, сè што сакаш да разбереш ќе најдеш во неа.

Славка Манева

Задача:

Прераскажи го текстот со свои зборови!

Непознати зборови:

Енциклопедија – книга со информации и објаснувања за различни нешта, на пример: енциклопедија за животни, за растенија, за континенти, за океаните во светот, за старите народи и др.

НАЈОСАМЕНИОТ ПИНГВИН НА СВЕТОТ

Пингвинот Пајко живееше на третиот леден брег Голема Жолта Карпа и беше сам на светот. Секаде околу себе гледаше само мраз и снег и црниот океан. STOP

Беше толку осамен, што одлучи сам себе да си напише писмо, да го стави во тегла и да го прати по океанската пошта. Ќе му биде забавно да го чека писмото, нестрпливо да види дали нешто ќе се промени. STOP

Воодушевен од својата идеја, отиде кај мајка си и ѝ побара лист хартија.

– Што ќе ти е хартијата? – праша мајка му.

– Сакам себеси да си напишам писмо. Многу сум осамен.

– Добро – рече мајка му и му даде лист хартија. STOP

Пајко отрча тогаш кај белото мече Марко.

– Те молам дај ми молив.

– Што ќе ти е молив? – го праша Марко.

– Сакам да си напишам писмо затоа што сум многу осамен и затоа што никој не сака да разговара со мене.

– Не е лоша идеја да се занимаваш малку, особено кога ќе дојдеш дома по училиште – рече белиот мечок и му даде молив. STOP

Потоа Пајко седна и го потпре листот хартија на една темносива карпа...

Зоран Пеневски
Превод од српски јазик: Билјана Црвенковска

Разговараме:

Кому ќе му напише писмо осаменото пингвинче?
Каде ќе отиде писмото?
Раскажи што мислиш дека ќе се случи!

Задача:

Нацртај го пингвинчето како што ти си го замислуваш.

Дали некогаш си бил осамен?
Кому си сакал да му пишеш?

Ајде да се обидеме да му напишеш писмо на некое другарче:

Драг/а.....

Денеска јас... (се чувствувам).....

Би сакал да .....

Кога имаш време .....

Јас најмногу сакам да .....

А што сакаш ти да играш најмногу?

КОГА ДВАЈЦА СЕ КАРААТ ТРЕТИОТ КОРИСТИ

(според сликите состави приказна)

Ако двајца во кавга загубат свест,



тогаш коската им ја зема малиот итар пес!

Задача:

Раскажи некоја слична случка!

АЈДЕ ДА ПОВТОРИМЕ:

АКТИВНОСТ:

Вториот збор е напишан чудно – наопаку!
Во колоната напиши како е правилно!

Месец трам	
Баба атраМ	
Среќна акнитрам	

ДОПОЛНИ ГИ РЕЧЕНИЦИТЕ:
(зборовите пронајди ги најдолу)

1. Мачето брка _____.
2. Многу сакам да јадам _____.
3. _____ живее во шума.
4. Сонцето е високо на _____.
5. Во _____ учам да читам и да пишувам.
6. Принцот јава на бел _____.
7. За децата е здраво да пијат _____.
8. На море ќе патувам со _____.
9. Во градината насадив _____.

ГЛУВЧЕ	НЕБО	МЛЕКО
ЈАБОЛКО	УЧИЛИШТЕ	АВИОН
ЕЖОТ	КОЊ	ЉУБИЧИЦА

КОЈ Е ВИНОВЕН?

За роденден Ања доби вистински рекет за тенис. За да се пофали на другарите, веднаш организира натпревар и излезе надвор.



Во еден момент топчето се истркала на улица. Ања се стрча кон него. Истовремено зачкрипеа сопирачките на еден автомобил...

Задача:

Продолжи ја приказната. Раскажи што можело да ѝ се случи на Ања?

Одговори:

Кој е виновен: Ања или возачот?

СЕМАФОР

Крстосница краси тој,
чува живот мој и твој.

Намигнува со две очи,
со ред и без почин:
црвеното вели „стој“,
секој в миг да запре,
зеленото вели – „напред“.





Одговори со која боја треба да се обои крукчето на семафорот за да можат девојчето и кучето безбедно да ја поминат улицата?

Гатанка

Не знае да зборува
ниту да се движи,
но да бидеш безбеден
секогаш се грижи.

_____

ПРИКАЗНА ВО СЛИКИ

Разговараме:

Што се случило?
Што е смешно во оваа приказна?
Дај им имиња на децата и кучето.
Стави ѝ наслов на приказната.

ПИНОКИО

Еднаш кукларот Џепето од едно парче чудно дрво направи кукла, „Ќе го викам Пинокио“, си рече во себе.

Пинокио беше лошко и лажливко: за секоја лага што ќе ја кажеше носот му растеше по една педа. Не ги слушаше советите од кучето.

Следниот ден Џепето му рече: „Од утре ќе почнеш да одиш на училиште со вистинските деца“. Пинокио беше радосен. Но, одејќи кон училиштето Пинокио забележа група луѓе пред еден куклен театар. Го продаде учебникот и отиде да гледа претстава.

Кога ги виде куклите, Пинокио заигра со нив. Тие го препознаа и во негова чест приредија забава. Пинокио доби неколку златници од Огноголтачот, сопственикот на куклите.

Златниците ги скри в уста и си замина дома.

По пат сретна двајца измамници кои сакаа да му ги земат парите и го затворија во кафез.

Тогаш се појави сината самовила и го спаси, па го праша за парите.

Пинокио излажа дека ги загубил и носот му порасна! Таа му кажа дека секогаш кога ќе лаже носот ќе му расте.

Следниот ден, неговото другарче Карло го викна во земјата на играчките. Пинокио замина со него. Но... му пораснаа магарешки уши!

Почна да се претвора во магаре и отиде во еден циркус, но животот му беше тежок. Кога се измори, сопственикот го фрли во морето.

Карло Колоди

Разговараме:

Дали си го гледал цртаниот филм со Пинокио?

Зошто на Пинокио му растел носот?

Што направил Пинокио кога тргнал на училиште?

Од кого Пинокио добил златници?

Од што го спасила самовилата?

Што се случува на крајот на оваа приказна?

Задача:

Продолжи ја приказната како што ти го замислуваш крајот!

КРАЛСКИОТ ПАУН И БОЖИЦАТА

Кралскиот паун ѝ се жалел на Божицата, велејќи:

– Не е праведно што славејот, кој е безначајна птичка, има прекрасен глас, а јас пеам ужасно.

– Замолчи, завидлива птицо! – одговорила Божицата. – Славејот убаво пее, папагалот знае да зборува, соколот е брз, но никој нема толку убави бои како тебе.

Федро

Задача:

Прочитајте на час некоја бајка и потоа разговарајте за ликот што ви остави најголем впечаток.

Народна поговорка:

Треба да бидеме задоволни со своите квалитети, а не да им завидуваме на туѓите.

Разговараме за зависта.

Непознати зборови:

Завист – силно чувство на незадоволство предизвикано од нечиј успех, среќа.

ПРИКАЗНИ

Вчера, северниот ветер дуваше цела ноќ.

Утрово беше многу уморен и се обеси на една гранка.

Рано утринава, северниот ветер виде птица што пееше и играше на гранките.

Се почувствува збунет и ја праша:

– Синоќа, цела ноќ кажував долга и студена приказна, зар не се смрзна до смрт?

– Има нешто што ти не го знаеш. Мојот брат Гнездо ми раскажуваше многу убави приказни, цела ноќ – насмеано рече птицата. – Се чувствував многу топло, небаре срцето ми го огреало сонце...

Вчера, северниот ветер дуваше цела ноќ.

Утрово, птицата сè уште пееше и играше на гранките.

Џанг Ќиушенг
(извадок од книгата „Приказни големи колку дланка“)



Разговараме:

Како братот Гнездо ја спаси птицата од северниот ветер?
Прераскажи го расказот со свои зборови!

СКРЖАВИОТ ВРАБЕЦ

Еден врабец најде поголемо парче леб. Се обиде да го крене и да го однесе во гнездото. Но, немаше толку сила.

– Дај да ти помогнеме – му рекоа другарите – па ќе го разделиме. Ти и без тоа не можеш сам да го изедеш.

– Не сакам – се налути врабецот. – Лебот е мој! Јас го најдов и никому не му давам ни трошка!

– Ај, несреќнику! – му рекоа другарите и си одлетаа.

Пакосната врана чекаше врабецот да остане сам, па му го одзеде целото парче.

– Не плачи сега, скржавецу!

Галина Браиловскаја

Разговараме:

Како ја оценуваш постапката на врабецот?

За кои луѓе се вели дека се скржави?

ВОЛКОТ И МАЧКАТА

Земјата е покриена со дебел снег. Волкот трча ваму-таму и не знае каде да се засолни. Целиот трепери од страв.

МАЧКАТА: Каде бегаш волчко? Зошто си толку исплашен?

ВОЛКОТ: Ловци и овчари ме гонат. Не го слушаш ли лаењето на кучињата? Мачко, те молам, скриј ме некаде. Ќе ми ја одерат кожата.

МАЧКАТА: Влези дома. Мојот стопан е добродушен. Верувам дека ќе те сожали во маката.

ВОЛКОТ: Како ќе влезам кога пред некој ден му грабнав овен од стадото!

МАЧКАТА: Тогаш трчај во плевната на соседот Ристо.

ВОЛКОТ: Не, не смеам. Лани му го изедов магарето.

МАЧКАТА: Скриј се во дворот на Васил.

ВОЛКОТ: И таму не смеам. На Васил му грабнав јагне...

МАЧКАТА: Веднаш пројди кај чичко Веле.

ВОЛКОТ: Вчера му го задавив најубавото теле...

МАЧКАТА: Е куме, кога е така, зошто бараш помош? Што си надробил – тоа сркај си!

Народна приказна

Разговараме:

Како ги разбираш зборовите:

Што си надробил – тоа сркај си!

Драматизирајте го текстот по улоги!

ЈАВОРИНА

Гледав чета ученици млади
по голина јавори кај сади.

Ден ќе дојде, сред пролетни тревки
ќе разлистаат јаворчиња кревки.

Ден ќе дојде, голината пуста
шума ќе е, јаворова густа.

Ден ќе дојде, тие деца здрави
јаворова шума ќе ги слави.

Густав Крклец (препев: Глигор Поповски)

РАСЕАНИОТ КОЛЕ

Разговараме:

Според сликите состави приказана.
Зошто Коле е расеан?

ЦРВЕНИ ОБЕТКИ



Погледнете ме убаво!

Ме познавате, нели?

Јас сум ЦРЕША! Овошката најрано што зрее. Им припаѓам на овошките во чиј плод се наоѓа семка.

За мене е најважно да се знае: дека од сите овошки најрано зреам, дека мојот плод е многу вкусен без разлика дали се јаде свеж, во слатко или се пие како сок.

Така мислиме сите: и јас, и ти, и тој што го знам и не го знам!

Киро Донев

Одговори:

Кога зреат црешите?

Разговараме за пролетта:

Кажете три нешта што се случуваат во пролет!

НОРА ВО БИБЛИОТЕКАТА

Нора го зеде блокчето и почна да црта. Нора сака да ги црта сите убави и интересни нешта што ќе ги посети.

Денеска таа го нацрта местото што го посети заедно со нејзината баба. Местото е царство на книгите. Мислите дека е книжарница? Не, не, не е книжарница, таму била уште многу одамна, таму се купуваат книги. Нора денеска беше во библиотека. Да, тоа е место каде што книгите се поделени на многу полици, на многу области и по азбучен ред.

Нора и баба ѝ отидоа во делот каде што се сместени книгите за деца. Имаше долги полици со книги за деца. Библиотекарката им објасни дека можат да ја земат која книга сакаат и потоа да дојдат кај неа. Така и направија. Одбраа и потоа библиотекарката им даде членска картичка. Таа им кажа дека книгите можат да ги задржат најмногу петнаесет дена.

Нора беше возбудена од глетката со многу книги и реши да го нацрта тоа.

Преземено од списанието за деца „Либи“.

Разговараме:

Што мислиш, има ли разлика меѓу библиотека и книжарница?
Што требаше да направи Нора за да може да земе книга?
Колку денови може да ја задржи?

Непознати зборови:

Библиотека – зграда или просторија каде што се чуваат и се читаат книги.

НЕФАТЛИВИОТ ЗОКИ ПОКИ

Го бараат Зоки во собата – го нема.

Го бараат Зоки во спалната – го нема.

Го бараат Зоки во кујната и шпајзот – пак го нема.

Го бараат Зоки по скалите, пред зградата, на балконот, на долниот кат го нема и го нема.

Што ли стана со тоа дете? Сите викаат по Зоки Поки, а Зоки Поки од никаде не се јавува. Ах, какво дете! STOP

Но никој не го помислува она вистинското.

Зашто, додека го бараат во кујната Зоки се наоѓа во спалната.

Кога тие ќе појдат во спалната – тој е веќе во шпајзот.

Кога ќе насирнат во шпајзот – тој е на балконот.

Кога ќе дојдат на балконот – тој е кај Лидија.

Кога ќе дојдат кај Лидија – тој е веќе пред зградата.

А кога ќе погледнат пред зградата – тој е пак горе. STOP

А дека викаат по него и дека тој не им одговара – тоа е, се разбира, само затоа што тој не ги слуша!

Без сомнение!

Кој е виновен што никому не му текнува да помисли дека е Зоки Поки нефатливо дете!

Оливера Николова



Разговараме:

Каде го барале Зоки Поки?
Што навистина се случувало?
Зошто Зоки Поки е нефатливо дете?

РАЗГОВАРАМЕ ЗА ОМИЛЕНИТЕ ЦРТАНИ ФИЛМОВИ



Разговараме:

Кој е твојот омилен цртан филм?
Објасни зошто ти е омилен.

128

ВЕЖБА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ

Откриј каде живее секој: Јасна, Ведран и Ања.

1. Јасна живее на вториот кат, а на прозорецот нема саксија со цвеќе.
2. Ведран живее во стан, а на прозорецот има црвени завеси и саксија со цвеќе.
3. Ања исто така не живее во стан, на прозорецот нема завеси, а има само наредени книги.

ЈАСНА ЈА ПОЗДРАВУВА ТАТКОВИНАТА

Јасна и татко ѝ патуваа со воз. Од прозорецот таа мавташе со раката.

– Кого поздравуваш, Јасне? – ја праша татко ѝ.

– Цвеќињата и птиците! – му одговори таа.

Татко ѝ стана од седиштето и застана до прозорецот. Покрај пругата немаше ништо. А Јасна и понатаму поздравуваше. Татко ѝ повторно ја праша:

– А кого сега поздравуваш, Јасне?

– Ги поздравувам облаците, полето, шумата, реката... Ја поздравувам ТАТКОВИНАТА.

Разговараме:

Која земја ја викаме татковина?
Зошто ја викаме така?
Која е нашата татковина?
Како Јасна ја поздравува татковината?

НАПРАВИ ПОСТЕР на тема „Мојата убава земја“

Задача:

Разговарајте и гледајте со наставникот/наставничката и другарчињата фотографии и страници од интернет за познати места во нашата земја, потоа пренесете го тоа на постерот.

РОСИЦА

Едно утро Елена влезе во градината на дедо си.

– Ај, колку убави цвеќиња! – извика радосно и пушти раче по едно да го скине.

– Немој да ме кинеш, ќе ме боли! – ја замоли цвеќето.

Елена се изненади и клекна до него.

– А може да те погалам? – праша.

– Може. Само внимавај да не ми ги срониш лисјата.

Елена ја подаде раката. Тогаш забележа капка врз цветот.

– Ах, солза! – извика со тага.

– Не. Не е солза – ѝ одговори цвеќето. – Тоа е росица. Секое утро таа ми ги мие цветчињата, како тебе мајка ти лицето и рачињата.

Задача:

Во текстот се раскажува за тоа што ѝ се случило на Елена. Обиди се да го прочиташ како тебе да ти се случило тоа.

Еве вака:

Едно утро влегов во градината на дедо ми.
– Ај, колку убави цвеќиња! – извикав...

ДАРЕЖЛИВИОТ ЛУЈ

Еден ден малиот Луј побара пари од мајка си. Но, кога таа го прашала каде му се парите, Луј одговори:

– Ги дадов на една стара и бедна жена!

– Тоа е за пофалба, дете мое – му рече мајка му.

– Тогаш, еве ти уште пет парички, но кажи ми зошто толку ја сакаш таа стара жена?

– Мамичке, затоа што таа продава слатки и бонбони – одговори малиот Луј.

Превод од француски јазик

Разговараме:

Дали малиот Луј бил навистина дарежлив?
Каде тој ги трошел парите?
Како ја оценуваш неговата постапка?

ЛЕТАЛО

Две деца направија летало. Го пуштија, а тоа одлетало до облаците. Виде одозгора една пеперутка и ѝ викна:

– Леле, едвај те гледам! Признај дека ми завидуваш што сум толку високо?

– Не, не ти завидувам – рече пеперутката. – Иако си високо, ти си врзано. Јас летам ниско, но слободно.

Разговараме:

Разговарајте за слободата.
Што е слобода за: птиците, рибите, животните?
Што е слобода за луѓето?

ОПИС НА ПРЕДМЕТИ

Задача:

Изберете еден омилен предмет и опишете го.
За што служи?
Кој предмет најмногу го користиш?
Објасни зошто најмногу го користиш.

ВСЕЛЕНСКО ЛЕТАЛО

Дарко: Здраво како си?

Иве: Добар сум.

Дарко: Вчера видов вселенско летало од мојот балкон.

Иве: Навистина?

Дарко: Навистина, да! Сакаш да ти покажам?

Иве: Ајде.

Дарко: Еве, мојот телефон фотографираше сè.

Иве: Па, ова е само точка, ај зголеми го?

Дарко: Еве го. Сега веруваш?

Иве: Мислам дека сепак е само точка, а не вселенско летало.

Преземено од списние за деца „Либи“

Разговараме:

Што мислиш ти за вселенското летало што го видел Дарко од својата тераса?

Што мислиш за фотографијата од вселенското летало?

А што мислиш за сите фотографии што се појавуваат на интернет, дали се вистински?

Задача:

Во квадратчето што стои на крајот на реченицата има простор да го ставите соодветниот интерпункциски знак: точка, извичник или прашалник.

Каде беше вчера ☐

Ох, колку убав подарок ☐

Ми се лутиш ☐

Не, не ти се лутам ☐

ПОЛНОЌЕН РАЗГОВОР

Мајката направи вечера и во кошницата од зеленчук останаа само една пиперка и еден црвен домат.

Вечерта, кога сите во куќата заспаа, пиперката почна разговор:

– Кажи ми, пријателе, зошто си толку црвен во лицето? Болен ли си или, пак, се срамиш од својот изглед?

– Јас болен? Колку си чудна долгнавеста сестро, зар не знаеш дека сум црвен затоа што сум зрел, втасан за јадење? Ако бев зелен, сè уште ќе бев во градината. Домаќинката ме скина и од мене ќе направи утре салата или, пак, ќе ме зготви...

– Чудно – рече пиперката. – За туршија мене, пак, ме скина уште зелена. Кога ќе поцрвенам од мене прават туршија, а вака, додека сум уште млада и зелена, ме готват во разни јадења или, пак, ме дробат во салата.

И навистина, утредента и пиперката и црвениот домат се најдоа зготвени во вкусна манџа.

Киро Донев



Разговараме:

Зошто се чудела пиперката за изгледот на доматот?

Како заклучила дека се срами од својот изглед?

Што одговорил доматот кога пиперката помислила дека е болен?

Задача:

Раскажете едно искуство кога сте се чувствувале засрамено.

ШТО СЕ КРИЕ ВО УЧИЛИШНАТА ТОРБА?





ДРУГАРКИ

Еднаш ја прашав својата ќерка:

– Знаеш ли зошто Наде ти е најдобра другарка?

Ана зачудено ме погледна.

– Навистина сакаш да знаеш? – ме праша по некое време.

– Да – реков.

– Затоа што со Наде седам на часовите. Заедно учиме и си ги покажуваме задачите една на друга. На одморот си ги делиме ужинките и играме исти игри. Кога сум болна, Наде ме посетува. Кога Наде е болна, јас ја посетувам... – почна да набројува Ана.

Се насмевнав. Ана навистина имаше најдобра другарка, но мене ми беше важно да потврди дали знае зошто Наде ѝ е најдобра другарка. Штом го знае тоа, ќе знае да го чува другарството.

Софе Штерјовски

Разговараме:

Зошто Ана се дружи со Наде?

Задача:

Опиши го твоето другарче и напиши што правите кога сте заедно!

Напиши една реченица за тоа што претставува другарството за тебе.

СКАЗНА ЗА ПЧЕЛАТА

Во некои далечни времиња, толку одамна, та не се знае кога, пчелата не собирала мед како денес, туку само се вљубувала во секој цвет.

Уште во рана пролет, кога ќе се појавело кокичето, таа радосно летнувала кон него.

– Ох, колку те сакам... Толку чекав да се појавиш... – му шепотела нежно будејќи го уште понежно со крилцата.

Потоа ќе го видела цветот на дренот, па летнувала кон неговите гранки. И него почнувала нежно да го буди. Не ги заборавала кукурекот, јагликата, зумбулот...

Слетувала на секој цвет и се вљубувала во него.

– Ова чудно суштество има најнежно срце. Ниеден инсект не е како неа – им рекла кралицата Пролет на цветовите и дрвјата. – Толку ве сака што на љубовта морате со љубов да ѝ возвратите...

Така и било. Пчелата продолжила со иста љубов да му приоѓа на секој цвет. Слетувала да ги разбудува и да ги опрашува. Тие ја поеле со својот чуден сок, кој добил име – мед.

Таа љубов сè уште трае.

Горјан Петревски

Разговараме:

Овој текст е:

а) басна б) песна в) расказ

Како е опишана пчелата во овој текст?

Кој ја опишал така?

Напиши список каде сè го користиш медот:

Задача:

Раскажи го текстот како ти да си пчелка!

СѢ Е НАШЕ

Пред портата имаме јоргован. Кога расцвета, ги подадов рацете за да скршам едно гранче. Ме виде татко ми.

– Не си в шума, Тони! – ми викна. – Не крши ги гранчињата. Вака поубаво личат.

По неколку дена отидовме на излет. На една ледина на ридот беше расцветана огромна креша. Гранките ѝ беа натрупани со цветчиња, виснати до земја. Низ воздухот струеше многу пријатен мирис. Во крошната брмчеа пчели.

Ги кренав рацете за да скршам расцветано гранче.

– Не, Тони – ме пресече гласот на татко ми. – Не уништувај ги цветовите. Тие ќе родат череши.

– Их, за едно гранче! А покрај тоа, черешава не е наша. Нели сме в планина. Ова дрво е ничие – реков.

– Не е ничие – рече татко ми. – Тоа е наше!

Гледај, а јас не знаев дека и тоа било наше! Значи, сè е наше!

Видое Подгорец

Одговори:

Што прво направил Тони?

Потоа каде се упатил Тони?

Зошто татко му на Тони му одговори дека черешата е нивна?

Што мислиш за Тони?

Постапува ли правилно?

Дали и ти мислиш како Тони: Значи, сè е наше!

Разговараме:

Како се грижиме за природата.

ВО СРЦЕТО...

Не чувај во срцето
ни злоба ни гнев,
целото исполни го
со радост
и смев!

Не биди завидливец,
за правдата слеп,
тагата замени ја
со радост и
смев.

Цени го другарството,
подари му сè,
животот исполни го
со радост и
смев!

Преземено од списанието за деца „Другарче“.

Разговараме:

За чувствата, за радоста и тагата, за добрината и злобата.

Задача:

Јас се чувствувам добро кога

Чувствувам радост кога

Тажен/а сум кога

ЉУБОВ

Си беше една Лина
и еден Златко,
но нивната љубов
траеше кратко.

Погледи и насмевки
си редеа
и во иста клупа
си седеа.

На Лина моливот
ѝ се скрши
и тука нивната
љубов заврши.

Златко не сакаше
резервното да ѝ го даде,
на големиот одмор
продолжи спокојно
јаболкото да си го јаде.

Лина ќе експлодираше
како мина
ѝ беше мака
што Златко
се однесуваше така,
а можеби и веќе не ја сака.
Ај кажете сега,
дали Златко има право
и дали Лина утре
да му каже „здраво“?

Христина Шеќероска

Разговараме:

Која е причината за кратката „љубов“ меѓу Златко и Лина?

БАМБИ

Организирајте заедничко гледање на цртаниот филм „Бамби“.

Додека го гледате филмот, правете паузи, разговарајте и предвидувајте што ќе се случи. Потоа продолжете. Кога ќе завршите со гледање, разговарајте со другарчето до себе за тоа што предвидовте, а што навистина се случи!

ТАБЕЛА ЗА ПРЕДВИДУВАЊЕ	
Што мислите дека ќе се случи:	Што навистина се случи:

ДАРЕЖЛИВИОТ ЈУНИ

Наближуваше крајот на учебната година. Дојде и јуни.

– Го сакам јуни! Сакам учебната година што побргу да заврши! – рече Јана.

Јуни ги затвори вратите на училиштата.

– Сакаме сонце! – извика Гоце.

Јуни им подари и сонце.

– Го сакаме и летото! – додаде Бојан.

Јуни го донесе и летото.

– Го сакаме одморот и игрите! – продолжија да викаат децата.

Јуни им ги дари и одморот и игрите.

Јуни е навистина дарежлив.

– ГО САКАМЕ ЈУНИ!

Разговараме:

Зошто јуни е важен за учениците?
Какви игри играте со другарите?
Опиши ги правилата на твојата омилена игра.

ШТО ПРАВАТ ДЕЦАТА ВО ЛЕТО

Еве **Михајло** што најмногу сака да работи во лето:

Сака да ги облече своите гаќички за капење и да скока во рибникот. Сака да тоне сè подлабоко, додека водата не му се прелее преку главата. Потоа повторно скокнува во водата и плива околу рибникот. „Сакам да скокам“, зборува Михајло.

Еве **Петар** што сака да прави во лето:

Сака да оди на потокот. Ги соблекува чевлите и чорапите и гази низ водата, барајќи светли камчиња. Наоѓа црвени, зелени, кафени и жолти. „Тоа се убави камчиња“, раскажува Петар и ги чува во кутија.

Давид вака се забавува во лето:

Сака да бара диви јаготки што се скриени во тревата. Ги бере и ги јаде. „Јас сакам јаготки“, вели тој.

Барбара преку летото најмногу ја развеселува ова:

Сака да ги соблече чевлите и чорапите и да трча по тревата. Тревата е свежа и мека под нејзините боси нозе. Постојано се смее. „Тревата ми ги скокотка нозете и јас морам да се смеам“, објаснува Барбара.

Џуди преку летото најмногу сака да се качува по ритчиња и да бере цвеќиња, сè што може да најде, и ги става во куќичката на куклите. „Куклите ги сакаат цвеќињата“, вели таа.

Перл Бак

Задача:

Одговори што сака секој:

Михајло:

Петар:

Давид:

Барбара:

Џуди:

ПИСМЕНА ВЕЖБА

Задача:

Од понудените зборови напишете каде сакате да летувате и зошто!

Доколку имате друг план, тогаш додадете и други зборови.

Јас ќе одам... Таму ќе